Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден _.05.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член на Управен одбор на Јавна здравствена установа „Здравствен дом“ – Велес, претставник на Општина Велес**

1. ________________, се именува за член на Управен одбор на Јавна здравствена установа „Здравствен дом“ – Велес, претставник на Општина Велес.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

На ден 21.05.2025 година од страна на Силвија Богоевска до Советот на Општина Велес, доставено е Барање за разрешување од член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес со бр.25-2917/1.

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на ден 16.06.2022 година, донесе Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес со бр. 25-2933/24 од 17.06.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.10/22). Со ова Решение се именува Силвија Богоевска за член во Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес, претставник на Општина Велес.

Согласно член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24): „Управниот одбор на јавните здравствени установи од примарната здравствена заштита го сочинуваат пет члена од кои тројца претставници на основачот и двајца претставници од единиците на локалната самоуправа од кои едниот го именува советот на општината на чие подрачје е седиштето на јавната здравствена установа, а другиот од советот на општината со најголем број жители на подрачјето што го покрива здравствената установа, не вклучувајќи ја општината на чие подрачје е седиштето на здравствената установа ако таа е со најголем број жители“.

Од причина што Силвија Богоевска е избрана за член на Советот на Општина Велес, потребно е да се именува нов член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес, со цел непречено функционирање на истиот во целосен состав.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.